**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

# ПРАШАЊА ЗА ИСПИТ
# за
# судиите поротници

## МОДУЛ I – „Општи познавања од областа на материјално граѓанско право“

## МОДУЛ II – „Имплементација на Законот за парнична постапка

1. Кои се најзначајни новини на измените на Законот за парнична постапка од 2010 година?

а) задолжителното подготвително рочиште, определените рокови за процесни дејствија, квалитетот на поднесоците и медијацијата во граѓанската постапка

б) задолжителна главна расправа

в) задолжително давање на одговор на тужба

**(1 бод)**

2. Што се уредува со Законот за парнична постапка?

а) правилата на постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува во споровите за основните права и обврски на човекот и граѓанинот, за личните и семејните односи на граѓаните како што се работните, трговските, имотните и другите граѓанско-правни спорови

б) правилата на постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува само во имотните спорови

в) правилата на постапката врз основа на кои судот расправа и одлучува само во семејните и брачните спорови

**(1 бод)**

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

3.Како одлучува судот во парничната постапка во прв степен по однос на барањата на странките?

а) во границите на барањата што се ставени во постапката

б) во граници на барањата што се ставени во постапката, а во исклучителни случаи и надвор од барањата

в) во граници на барањата што се ставени во постапката, а во определени случаи и надвор од барањата

**(1 бод)**

4. Кои располагања на странката во парничната постапка судот нема да ги уважи?

а) само оние кои се во спротивност со Уставот на РМ

б) само оние кои се во спротивност на Уставот на РМ и со моралот

в) кои се во спротивност со присилните прописи, со одредбите на меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и со моралот

**(1 бод)**

5. Какво може да биде располагањето на странките со барањата што ги ставиле во текот на парничната постапка?

а) тие можат само да го признаат барањето на противникот

б) тие можат да се одречат од своето барање, да го признаат барањето на противникот и да се порамнат

в) тие можат само да се порамнат

**(1 бод)**

6.Во каков состав суди судот во парничната постапка?

а) во парничната постапка судовите судат само во совет

б) во парничната постапка постапува само судија поединец

в) во парничната постапка судовите судат во совет,а во кои случаи суди судија поединец се определува со Законот за парнична постапка

**(1 бод)**

7. Кои дејствија во парничната постапка може да ги презема претседателот на советот?

а) претседателот на советот може да ги презема само оние дејствија во постапката и да ги донесува само оние одлуки за чие преземање односно донесување е овластен со закон

б) претседателот на советот може да ги презема сите дејствија во постапката

в) претседателот на советот не може да презема дејствија во постапката

**(1 бод)**

8. Кои мерки ги предвидуваат измените на Законот за парнична постапка со цел да се оневозможи злоупотребата на правата на странките?

а) зголемување на паричните казни

б) скратување на роковите за постапување

в) намалување на паричните казни

**(1 бод)**

9. Во каков состав суди советот во прв степен во парничната постапка ?

а) советот е составен од еден судија како претседател на советот и двајца судии поротници.

б) советот е составен од двајца судии и еден судија поротник.

в) советот е составен од тројца судии од кои еден е претседател на совет

**(1 бод)**

10. Во кои спорови согласно Законот за парнична постапка без оглед на вредноста на спорот судот во прв степен суди во совет?

а)во споровите од авторски и сродни права, споровите што се однесуваат на заштита или на употреба на правата од индустриска сопственост, или на право на употреба на фирма или назив, споровите од нелојална конкуренција или монополистичко однесување

б) само во сопственичките спорови

в) само во работните спорови и семејните спорови

**(1 бод)**

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

11. Според најновите измени на Законот за парнична постапка од 2015 година во прв степен судија поединец суди спорови за имотно-правните барања кога вредноста на предметот на спорот не го надминува износот од:

а) 1.200.000,00 денари

б) 1.500.000,00 денари

в) 3.000.000,00 денари

**(1 бод)**

12. Во кој случај поврзан со сродството на странката во постапката судија-поротник согласно ЗПП не може да ја врши судиската должност?

а) ако странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не

б) само ако странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до втор степен.

в) само ако странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не.

**(1 бод)**

13. Што треба согласно одредбите од ЗПП да направи судија или судија-поротник кога ќе узнае дека е поднесено барање за негово изземање?

а) тој е должен да ја продолжи работата врз односниот предмет до донесување на решение за барањето

б) тој е должен веднаш да ја запре работата врз односниот предмет, а ако е во прашање изземање од членот 64 точка 6 на ЗПП, до донесувањето на решението за барањето може да ги презема само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање

в) тој има обврска да ја продолжи работата врз односниот предмет до донесување на решение за барањето

**(1 бод)**

14. Во текот на советувањето и гласањето во прв степен во парничната постапка како се гласа кога при решавањето за главната работа треба да се одлучи за повеќе барања?

а) се гласа за секое барање одделно

б) се гласа за сите барања заедно

в) за сите барања се гласа одеднаш

**(1 бод)**

15.Кој ја донесува пресудата во парничната постапка во прв степен кога главната расправа се одржува пред советот?

а) претседателот на советот

б) претседателот на советот и членовите на советот кои учествувале на рочиштето на кое е заклучена главната расправа

в) претседателот на советот и членовите на советот кои учествувале на првото рочиште за главната расправа

**(1 бод)**

16. Во кој закон е предвидена постапката во споровите од работни односи?

а) во Законот за Работни односи

б) во колективен договор

в) во Законот за парнична постапка како посебна постапка

**(1 бод)**

17. Во кој закон е предвидена постапката за смеќавање на владение?

а) во Законот за сопственост и други стварни права

б) во законот за парнична постапка како редовна постапка

в) во Законот за парнична постапка како посебна постапка

**(1 бод)**

18. На што се ограничува расправањето по тужбата за смеќавање на владение?

а) само на расправање и докажување на фактите за последната состојба на владението и за настанатото смеќавање

б) на фактите поврзани со сопственоста на имотот

в) на фактите поврзани со совесноста и законитоста на владението

**(1 бод)**

19. Кои се спорови од мала вредност според најновите измени на ЗПП?

а) спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 600.000 денари

б) спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 200.000 денари

в) спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 300.000 денари

**(1 бод)**

20.Во кој закон е предвидена постапката пред избрани судови?

а) во Законот за парнична постапка како редовна постапка

б) во посебен договор

в) во Законот за парнична постапка како посебна постапка

**(1 бод)**

21.На кои спорови се применуваат одредбите за постапката во стопанските спорови?

а) во споровите од меѓусебните стопански односи во кои барем една од странките е правно лице

б) во споровите од меѓусебните стопански односи во кои двете странки се правни лица

в) во спорови за превоз на патници

**(1 бод)**

22. Како се регулира работниот однос?

а) само со колективен договор

б) само со договор за вработување

в) со Законот за работни односи или друг закон, колективен договор и договор за вработување

**(1 бод)**

23. Во каков состав суди судот во статусните работни спорови во прв степен?

а) во совет кој е составен од еден судија како претседател на советот и двајца судии поротници

б) во совет кој е составен од двајца судии и еден судија поротник.

в) во овие спорови постапува судија поединец

**(1 бод)**

24. Како се воспоставуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите ?

а) по сила на закон

б) со колективен договор

в) со склучување на договор за вработување

**(1 бод)**

25.Со кој закон се уредуваат односите во бракот и семејството?

а)со законот за парнична постапка

б) со законот за социјална заштита

в) со законот за семејство

**(1 бод)**

26. Што се уредува со законот за сопственост и други стварни права?

а) правото на сопственост и другите стварни права во согласност со Уставот

б) правото на издржување помеѓу родители и деца

в) правото на надомест на штета

**(1 бод)**

27.Кој може да стекне право на сопственост согласно законот за сопственост и други стварни права?

а) сите домашни и странски физички и правни лица, вклучувајќи ја и државата и единиците на локалната самоуправа, под услови и на начин предвидени со овој и друг закон

б) само домашни физички и правни лица

в) само државата и единиците на локалната самоуправа

**(1 бод)**

28.Врз основа на кој закон може со тужба да се бара предавање во владение на недвижен имот?

а) врз основа на законот за облигациони односи

б) врз основа на законот за парнична постапка

в) врз основа на законот за сопственост и други стварни права

**(1 бод)**

29.Каков вид на спор е спорот за службеност на имот?

а) облигационен спор

б) сопственосно -правен спор

в) семеен спор

**(1 бод)**

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

30.Кои законски одредби се применуваат за постапката во спорoвите што се однесуваат на бродовите и на пловидбата на внатрешните води, како и во споровите врз кои се применува пловидбеното право (пловидбени спорови)?

а) посебната постапка за стопански ( трговски) спорови предвидена во Законот за парнична постапка

б) посебна постапка за спорови од мала вредност предвидена во Законот за парнична постапка

в) посебна постапка за работни спорови предвидена во Законот за парнична постапка

**(1 бод)**

31.Во граѓанска постапка Апелациониот суд постапува:

а) по жалба

б) по ревизија

в) по тужба

**(1 бод)**

32.Какво дејство има навремено поднесената жалба

а) спречува странките да расправаат пред судот

б) спречува пресудата да стане правосилна

в) спреќува странките да дојдат во судот

**(1 бод)**

33.Во поднесената жалба странките:

а) неможат да изнесуваат нови факти и нови докази

б) можат да изнесуваат нови докази

в) можат да достават нов доказ ако дозволи првостепениот суд со решение

**(1 бод)**

34.Ако странката во текот на првостепената постапка не истакнала приговор за застареност на подобрувањето:

а) странката може да го истакне тој приговор во жалба

б) странката неможе тој приговор да го истакне во жалба

в) може да го истакне само ако дозволи Врховниот суд

**(1 бод)**

35.Суштествените повреди неможат да бидат:

а) апсолутни и релативни

б) суштински и груби

в) релативни и објективни

**(1 бод)**

36.Судија поротник кој што со странката е роднина по крв, во предметот:

а) може да постапува

б) неможе да постапува

в) може да постапува само ако дозволи претседателот на советот

**(1 бод)**

37.Погрешна примена на материјалното право постои, ако:

а) судот неприменил одредба од Законот

б) судот ненавремено ја изготвил пресудата

в) судот не ја доставил пресудата на странките

**(1 бод)**

38. Апелациониот суд ќе ги повика судиите поротници:

а) кога ќе закаже јавна расправа

б) кога ќе закаже нејавна расправа

в)во сите предмети по кои што постапува

**(1 бод)**

39.На закажаната јавна расправа, Апелациониот суд ќе ги повика:

а) странките и нивните полномошници адвокати, сведоците и вештаците

б) судиите што постапувале во првостепениот суд

в) Претседателот на Основниот суд

**(1 бод)**

40.Советот на Апелациониот суд на јавна расправа е составен од:

а) 2-ца судии професионалци и 3-ца судии поротници

б) само од судии поротници

в) судија од Основниот суд што постапувал по предметот и судии од Апелациониот суд

**(1 бод)**

41.Апелациониот суд донесената пресуда од Основниот суд што е дојдена по жалба:

а) може да ја укине само еднаш

б) може да ја укинува се додека не се отстрани суштествената повреда на постапката

в) може само да ја преиначи

**(1 бод)**

42.Дали избраниот судија поротник во Основен суд, во исто време може да биде судија поротник и во Апелациониот суд:

а) може

б) неможе

в)може, само ако дозволи Претседателот на судот

**(1 бод)**

43. Дали Апелациониот суд може во текот на постапката два пати да укине пресуда на Основниот суд:

а) може

б) неможе

в) може, се додека не се донесе правилна пресуда

**(1 бод)**

44.Дали Апелациониот суд кој што постапува по жалба, може да ја преиначи пресудата на Основниот суд:

а) може

б) неможе 14

в) може само ако е присутен судијата на Основниот суд

**(1 бод)**

45.Доколку судијата поротник не се јави на закажаната јавна расправа пред Апелациониот суд:

а) расправата ќе се одложи

б) расправата ќе продолжи без присуство на поротникот

в) советот ќе чека само 2 дена судијата поротник да се јави на расправата

**(1 бод)**

46.Законот за облигациони односи ги регулира:

а) облигационите, договорните и облигациони односи во предметот на стоки и услуги

б) семејните односи

в) издршката на малолетните деца

**(1 бод)**

47.Со договорот за заем, на заем се даваат:

а) со пари

б) само заменливи предмети

в)пари или заменливи предмети

**(1 бод)**

48.Договорот за генерација се склучува:

а) во писмена форма

б) во усна форма

в) преку интернет

**(1 бод)**

49.Договорот за ортаклук е регулиран со:

а) Законот за трговски друштва

б) Законот за финансиска контрола

в) Законот за облигациони односи

**(1 бод)**

50.Со законот за облигациони односи се регулира:

а) начелото за совесност и чесност

б) начелото на финансова дисциплина

в)начелото за судење во разумен рок

**(1 бод)**

51.Застареност е:

а) престанување на правото да се бара присилно исполнување на обврската

б) неможе да се бара издршка за малолетно дете

в)обврска што настанува по склучување на договор

**(1 бод)**

52.Раскинувањето на договорот е регулиран со:

а) Законот за семејство

б) Законот за сопственост и други стварни права

в) Законот за облигациони односи

**(1 бод)**

53.Компензација претставува:

а) начин на кој што престанува една обврска

б) застареност на обврската

в )надомест на штета

**(1 бод)**

54.Со договр на дело:

а) изведувачот на работите се обврзува да изврши определена работа

б) дава на користење стан

в)дава на заем пари

**(1 бод)**

55.Ликвидацијата на друштвото ја спроведува:

а) судот

б) нотарот

в) Централниот регистар

**(1 бод)**

56.Влоговите во друштвото можат да бидат:

а) само парични средства

б) само непарични средства

в) парични и непарични средства

**(1 бод)**

57.Акционерско дружтво:

а) е форма на трговско друштво

б) застареност на обврската

в) давање пари на заем

**(1 бод)**

58.Ако акционерското друштво не му дозволи на акционерот увид во документите на друштвото:

а) акционерот поведува постапка пред судот

б) се обраќа до нотарот

в)се известува полицијата

**(1 бод)**

59.Постапката за одобрување на голема зделка е регулирана со:

а) Законот за трговски друштва

б) Законот за плати

в) Кривичниот закон

**(1 бод)**

60.Ништовност на одлука на Собранието на друштвото се бара:

а) пред судот

б) пред нотарот

в) не се бара

**(1 бод)**

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

# МОДУЛ III - Судир на интереси/Антикорупциски мерки/ Етика и етички кодекс

1. Со Законот за спречување судир на интереси се уредува

а) антикорупциските мерки

б) заштитеното пријавување

в) судирот на интереси

**(1 бод)**

2. За примена на Законот за спречување судир на интереси и Законот за спречување на корупција е надлежен

а) Министерството за внатрешни работи – Оддел за организиран криминал

б) Државна комисија за спречување на корупција

в) судовите

**(1 бод)**

3. Судиите поротници кои се службени лица се избрани од

а) орган на судската власт

б) орган на државната управа

в) од Собрание на Република Македонија

**(1 бод)**

4. Рокот за поднесување на Изјава за интереси од страна на службените лица е

а) 30 дена

б) 20 дена

в) 15 дена

**(1 бод)**

5. Судиите поротници Изјавата за интереси ја поднесуваат до

а) Државна комисија за спречување на корупција

б) органот во кој се вработени

в) Државна комисија за спречување на корупција и органот во кој се вработени

**(1 бод)**

6. Кој ја пропишува содржината и формата на образецот за Изјава на интереси?

а) Министерство за правда

б) Државна комисија за спречување на корупција

в) Собрание на Република Македонија

**(1 бод)**

7. Што е судир на интереси?

а) состојба на судир на меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице

б) искористување на функцијата, јавните овластувања и службената должности и положба за остварување на лична корист или за друг

в) судир на приватниот интерес со искористување на функцијата

**(1 бод)**

8. Постапка за утврдување постоење судир на интереси може да се поведе и врз основа на:

а) анонимна пријава, доколку наводите се основани

б) неможе врз основа на анонимна пријава

в) може врз основа на анонимна пријава и кога наводите се неосновани

**(1 бод)**

9. Констатираниот судир на интерес, службеното лице е должно да го отстрани во рок од

а) 15 дена од доставувањето на одлуката

б) 20 дена

в) 30 дена

**(1 бод)**

10. Видови мерки кои се изрекуваат на службено лице согласно Законот за спречување судир на интереси

а) јавна опомена

б) иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап

в) иницијатива за разрешување на вршење на јавните овластувања или должности

**(1 бод)**

11. Видови одговорност согласно Законот за спречување судир на интереси се

а) прекршочна

б) кривична

в) дисциплинска

**(1 бод)**

12. Службено лице со стекнување на статус државен службеник или избрано и именувано лице, кој се јавува во својство на управител на сопствена фирма е должен управувањето да го отстапи на

а) блиско лице

б) друго лице или посебно тело, освен на блиско лице

в) било кое лице или тело

**(1 бод)**

13. Кога службеното лице се сомнева во постоење на судир на интереси

а) должно е да бара мислење од Државна комисија за спречување на корупција

б) не е должно да бара мислење од Министерството за правда

в) може но не е задолжително да бара мислење од Државна комисија за спречување на корупција или од Министерството за правда

**(1 бод)**

14. Државната програма со Акционен план за превенција и намалување на појавата судир на интереси претставува

а) четиригодишен стратешки документ

б) двегодишен документ

в) план и програма за работа на Државна комисија за спречување на корупција

**(1 бод)**

15. Глоба за не поднесување на Изјава за интереси изнесува

а) од 1.000 до 3.000 евра

б) од 500 до 1.000 евра

в) од 1.000 до 2.000 евра

**(1 бод)**

16. Државна комисија за спречување на корупција се состои од

а) седум члена

б) шест члена

в) пет члена

**(1 бод)**

17. Со донесувањето на кој закон и кога е формирана Државна комисија за спречување на корупција ?

а) Закон за спречување на корупцијата во 2002 година

б) Законот за спречување судир на интереси во 2002 година

в) Закон за заштита на укажувачи во 2002 година

**(1 бод)**

18. Што е корупција согласно Законот за спречување на корупција?

а) состојба на судир на меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице

б) искористување на функцијата, јавните овластувања и службената должности и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг

в) судир на приватниот интерес со искористување на функцијата

**(1 бод)**

19. Мерки и активности за спречување на корупцијата согласно Законот за спречување на корупцијата се предвидени во

а) политиката, вршењето јавни овластувања и вршење работи од јавен интерес и други дејности на правните лица

б) приватниот сектор и медиумите

в) невладиниот сектор и меѓународните организации и тела

**(1 бод)**

20. Рокот за поднесување на Анкетен лист е

а) 30 дена од денот на изборот или именувањето

б) 25 дена

в) 15 дена

**(1 бод)**

21. Избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал при избор или именување, Анкетниот лист го доставува до

а) Министерството за правда

б) Управа за финансиско разузнавање и

в) Државната комисија за спречување на корупција и Управата за јавни приходи

**(1 бод)**

22. Кога се поднесува Образец за промена на имотната состојба?

а) кога зголемувањето на неговиот имот надминува износ од триесет просечни плати во претходниот тримесечен период

б) кога зголемувањето на неговиот имот надминува износ од дваесет просечни плати во претходниот тримесечен период

в) кога зголемувањето на неговиот имот надминува износ од десет просечни плати во претходниот тримесечен период

**(1 бод)**

23. Кој орган на барање на Државната комисија за спречување на корупција ја поведува постапката за испитување на имотната состојба?

а) надлежното јавно обвинителство

б) надлежниот суд

в) Управата за јавни приходи

**(1 бод)**

24. Службено лице согласно Законот за спречување на корупција

а) смее да прима подароци или ветувања за подароци

б) не смее да прима подароци или ветувања за подароци

в) сам одлучува во кој случај и кога смее да прима подароци или ветувања за подароци

**(1 бод)**

25. Глоба за не поднесување на Анкетен лист изнесува

а) од 1.000 до 3.000 евра

б) од 500 до 1.000 евра

в) од 1.000 до 2.000 евра

**(1 бод)**

26. Кога е донесен Законот за заштита на укажувач?

а) 2015 година

б) 2016 година

в) 2014 година

**(1 бод)**

**27.** Каде врши пријавување укажувачот кај заштитеното внатрешно пријавување?

а) во институцијата односно правното лице каде е вработено

б) во надлежното јавно обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Народниот Правобранител на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупција и други надлежни институции

в) во медиумите

**(1 бод)**

28. Каде врши пријавување укажувачот кај заштитеното надворешно пријавување?

а) во институцијата односно правното лице каде е вработено

б) во надлежното јавно обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Народниот Правобранител на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупција и други надлежни институции

в) во медиумите

**(1 бод)**

29. Заштитеното јавно пријавување може да се врши со

а) пријавување пријавувањево институцијата односно правното лице каде е вработено

б) со пријавување во надлежното јавно обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Народниот Правобранител на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупција и други надлежни институции

в) со правење јавно достапни информации

**(1 бод)**

30. Заштитеното внатрешно и надворешно пријавување се врши до:

а) овластеното лице за прием на пријави од укажувачи или до раководното лице на институцијата

б) до било кој вработен во институцијата каде се пријавува

в) до архиварот на институцијата каде се пријавува

**(1 бод)**

31.Како се дефинирани судовите во РМ според Законот за судовите?

а)Судовите се органи на државната власт

б)Судовите се органи со јавни овластувања

в)Судовите се граѓански организации

**(1 бод)**

32.Дали работата на судовите е јавна?

а)Во текот на судењето јавноста е секогаш исклучена

б)Јавноста во работењето на судовите е дозволена само за средствата за јавно информирање

в)Работата на судовите е јавна, освен кога по сила на Уставот и законите, јавноста е исклучена

**(1 бод)**

33.Кој ја определува месната и стварната надлежност на судот да суди во конкретна спорна работа?

а)Тужителот сам определува пред кој суд ќе поднесе тужба за спорна работа

б)Стварната и месната надлежност на судовите е определена со Законот за Судовите

в)Странките во спорот ја определуваат стварната и месната надлежност на судот

**(1 бод)**

34.Дали е дозволено влијание врз работата на судот?

а)Со законот за судовите забранетаое секакво влијание врз судот

б)Дозволено е влијание врз судот,за спор од јавен интерс

в) Може да се дозволи и политичко блијание

**(1 бод)**

35.Дали може да се измени правосилна судска одлука?

а) Не е дозволено во никој случај промена на судска одлука

б)Правосилните судски одлуки, можат да се изменат, само од надлежен суд во со закон утврдена постапка

в)правосилна судска одлука може да измени Собранието или Владата на РМ

**(1 бод)**

36.Со кој правен лек се преиспитува непправосилна судска пресуда?

а)Со жалба пред надлежен Апелацонен суд

б)Со ревизија пред Врховниот суд на РМ

в)Со претставка пред Судскиот совет на РМ

**(1 бод)**

37.Кои видови на судови се предвидени воЗаконот за судовите?

а) Основни судови,Апелациони судови,Врховен суд на РМ, Управен суд и Виш управен суд

б) Стопански судови,Судови за работни спорови

в)Уставен суд,Судски совет на РМ

**(1 бод)**

38.Дали е предвидена специјализација за работата во судовите?

а)Не предвидена специјализација во судовите

б)Со законот за судовите е предвидена специјализација во судовите

в)Претседателот на судот определува специјализација во судот

**(1 бод)**

39.Дали судиите и судиите поротници одговараат за судската одлука?

а)Тие никогаш не одговараат за суската пресуда за која гласале

б)Само во со Законот утврдените случаи, може да се поведе постапка за одговорностна судијата и судијата поротник

в)Одговоноста на судиите и судиите поротници се оопределува со правен акт на Владата на РМ

**(1 бод)**

40.Каква е улогата на Судскиот совет на РМ?

а)Судскиот совет ги избира и разрешува судиите, утврдува престанок на судската функција, ја следи и оценува работата на судиите и одлучува за нивна одговорност

б)Ги преиспитува пресудите донесени од судовите во РМ

в)Одлучува по вонредни правни лекови

**(1 бод)**

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

# МОДУЛ IV – Општи познавања од областа на материјално казнено право / казнена политика

1.За да се одговара за казнено дело, дали тоа мора да е пропишано со закон?

а) да

б)не

в)некогаш не, некогаш да

**(1 бод)**

2.Може ли Коривичниот законик , ретроактивно да се применува?

а) може

б)не може

в)може, а не мора

**(1 бод)**

3.Во Кривичното право, начелно дали е дозволена аналогијата?

а)е дозволена

б)понекогаш е дозволена

в)не е дозволена

**(1 бод)**

4.Дали некое лице за да е кривично одговорно, мора да е пресметливо?

а)да

б)не

в)некогаш да , негокаш не

**(1 бод)**

5.Дали сторител ќе одговара за кривично дело, сторено во нужна одбрана?

а)да

б)не

в)само ако е пропишано со закон

**(1 бод)**

6.Дали сторител ќе одговара за кривично дело сторено во крајна нужда ?

а)не

б)да

в)само ако е пропишано со закон

**(1 бод)**

7.Ако кривичното дело е сторено со умисла, дали секогаш се одговара?

а)не

б)да

в)некогаш да, некогаш не

**(1 бод)**

8.За кривични дела сторени од небрежност:

а)секогаш се одговара

б)може а не мора

в)само ако е пропишано со закон

**(1 бод)**

9.Кривичните дела може да се направат:

а)со сторување

б) со несторување

в)со сторување и со несторување

**(1 бод)**

10.Лицето кое заедно со друго лице договорено сторува кривично дело се вика:

а)помагач

б)поттикнувач

в)соизвршител

**(1 бод)**

11.Лицето кое на друго лице му помага во извршувањето на кривичното дело се вика:

а)помагач

б)поттикнувач

в)соизвршител

**(1 бод)**

12.Лицето кое друг поттикнува да стори кривично дело, се вика:

а)соизвршител

б)помагач

в)поттикнувач

**(1 бод)**

13.Казната затвор:

а)не може да биде пократка од 30 дена , ниту подолга од 20 години

б)не моќе да биде пократка од 30 дена , ниту подолга од 15 години

в)не моќе да биде пократка од 30 дена ниту подолга од 30 години

**(1 бод)**

14.Паричната казна се изрекува во:

а)дневни глоби

б)како што сака судијата

в)како сака јавниот обвинител

**(1 бод)**

15.Казната затвор е на листата на:

а)казни

б)алатернативна мерка

в)мерка за безбедност

**(1 бод)**

16.Паричната казна е на листата на:

а)алтернативни мерки

б)казни

в)мерки за безбедност

**(1 бод)**

17.Условната осуда е на листата на пропишаните:

а)казни

б)алтернативни мерки

в)мерки за безбедност

**(1 бод)**

18.Забраната за управување со моторно возило е на листата на пропишаните:

а)казни

б)мерки за безбедност

в)алтернативни мерки

**(1 бод)**

19.Судската опомена е на листата на пропишаните:

а)казни

б)мерки за безбедност

в)алтернативни мерки

**(1 бод)**

20.Куќниот затвор е на листатата на пропишаните:

а)мерки за безбедност

б)алтернативни мерки

в)казни

**(1 бод)**

21.Задолжителното психијатриско чување и лекување во здравствена установа, е на листата на пропишаните:

а)казни

б)мерки за безбедност

в)алтернативни мерки

**(1 бод)**

22.Задолжителното психијатриско лекување на слобода е на листата на пропишаните:

а)казни

б)мерки за безбедност

в)алтернативни мерки

**(1 бод)**

23.Забраната за посета на спортски натпревари е на листата на пропишаните:

а)казни

б)алтернативни мерки

в)мерки за безбедност

**(1 бод)**

24.Протерување на странец од земјата е на листата на пропишаните:

а)мерки за безбедност

б)алтернативни мерки

в)казни

**(1 бод)**

25.Општокорисната работа е на листата на пропишаните:

а)мерки за безбедност

б)казни

в)алтернативни мерки

**(1 бод)**

26.Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани е на пропишаната листа на:

а)мерки за безбедност

б)алтернативни мерки

в)казни

**(1 бод)**

27.Доколку Кривичниот Законик еднаш или повеќепати се менувал, се применува:

а)најпрвиот закон

б)последниот закон

в)законот што е најблаг за сторителот

**(1 бод)**

28.Забраната за вршење професија дејност или должност е на листатат на пропишаните:

а)казни

б)мерки за безбедност

в)алтернативни мерки

**(1 бод)**

29.Медицинското фармаколошко лекување на сторители на полов напад на дете е на пропишаната листа на:

а)казни

б)алтернативни мерки

в)мерки за безбедност

**(1 бод)**

30.Условната осуда со заштитен надзор е на листата на пропишаните:

а)алтернативни мерки

б)мерки за безбдност

в)казни

**(1 бод)**

**Република Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

# МОДУЛ V – Имплементација на Законот за кривична постапка

**1.** Во текот на претходната постапка, кој одлучува за слободите и правата на обвинетиот во случаи пропишани со Уставот на Р.Македонија, со закон и меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Р.Македонија?
а) Претседателот на судот
б) Судија на претходна постапка
в) Апелациониот суд

**(1 бод)**

**2.** По предлог на јавниот обвинител, кој издава наредба за претрес на дом и други простории?
а) Вишиот јавен обвинител
б) Претседателот на судот
в) Судија на претходна постапка

**(1 бод)**

**3.** Кој одлучува по жалбата против решението на судија на претходна постапка?
а) Кривичен совет на првостепениот суд, составен од тројца судии
б) Претседателот на судот
в) Претседателот на апелциониот суд

**(1 бод)**

**4.** Во текот на истражната постапка, по барање на странките - јавниот обвинител и осомничениот, може да се одржи доказно рочиште. Доказното рочиште се одржува пред:
а) Судија на претходна постапка
б) Кривичен совет на првостепениот суд
в) Претседателот на судот

**(1 бод)**

**5.** Судијата на претходна постапка, по барањето за одржување на доказно рочиште одлучува со:

а) Наредба
б) Решение
в) Пресуда

**(1 бод)**

**6.** Во определени услови предвидени со закон, јавниот обвинител и осомничениот можат да бараат одлагање на доказното рочиште. Колку пати може да се бара одлагање на доказно рочиште?

а) Онолку пати колку што е потребно за завршување на истражното дејствие
б) Само еднаш
в) Три пати

**(1 бод)**

**7.** Во текот на истражната постапка во врска со кривичното дело што му се става на товар на осомничениот, јавниот обвинител и осомничениот можат да поднесат предлог - спогодба. Предмет на спогодување може да биде:

а) Видот и квалификацијата на кривичното дело
б) Видот и висината на кривичната санкција, а ако постои согласност од осомничениот и имотно правното побарување на оштетениот
в) Само квалификацијата на кривичното дело и имотно правното побарување на оштетениот

**(1 бод)**

**8.** Во постапката за спогодување, дали е потребно присуство на бранител на осомничениот?

а) Не е потребно ако осомничениот тоа не го побара
б) Присуството на бранителот е задолжително ако се работи за кривично дело каде што одбраната е задолжителна
в) Присуство на бранителот е задолжително во секој случај

**(1 бод)**

**9.** Спогодувањето во кривична постапка, согласно ЗКП, може да се побара:

а) За кривични дела за кои е запретена парична казна

б) За кривични дела за кои е запретена парична казна или казна затвор до три години

в) За секој вид на кривично дело без разлика на тежината на делото

**(1 бод)**

**10.** Дали во постапката за спогодување помеѓу јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител учествува судија на претходна постапка?

а) Судија на претходна постапка учествува при утврдување на видот и висината на кривична санкција

б) Судијата учествува при утврдување на видот - квалификацијата на кривичното дело

в) Судијата на претходна постапка не смее да учествува во постапката за спогодување помеѓу јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител

**(1 бод)**

**11.** Во текот на истражната постапка, по приемот на предлог – спогодбата во судот, се закажува рочиште за оцена на предлог – спогодбата. Кој ја врши оцената на предлог – спогодбата?

а) Судија на претходна постапка

б) Кривичниот совет на судот

в) Претседателот на судот

**(1 бод)**

**12.** Кога предлог – спогодбата на странките е прифатена, каква одлука ќе донесе судијата на претходна постапка?

а) Наредба за прифаќање на предлог - спогодбата

б) Решение за прифаќање на предлог - сподогбата

в) Пресуда врз основа на предлог - спогодба

**(1 бод)**

**13.** Против пресудата врз основа на предлог – спогодба, која ги содржи елементите на осудителна пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен, дали е дозволена жалба?

а) Дозволена е жалба во рок од 8 дена
б) Дозволена е жалба во рок од 15 дена
в) Не е дозволена жалба

**(1 бод)**

**14.** Ако судијата на претходна постапка не ја прифати предлог - спогодбата, каква одлука ќе донесе?

а) Пресуда со која ќе го ослободи осомничениот за кривичното дело што му се става на товар
б) Решение со кое ја одбива предлог спогодбата
в) Наредба за одбивање на предлог - спогодбата

**(1 бод)**

**15.** Кога постои основано сомнение дека одредено лице лишено од слобода , сторило кривично дело и постојат основи за определување на мерка притвор согласно ЗКП , во кои случаи против тоа лице судијата на претходна постапка може по предлог на јавниот обвинител да определи краткотраен притвор?

а) Кога се работи за полесни кривични дела
б) Кога јавниот обвинител сеуште не донел наредба за спроведување истражна постапка
в) По донесувањето на наредба за спроведување на истражна постапка

**(1 бод)**

**16.** Една од мерките за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на кривичната постапка е и приведувањето. Кој издава наредба за приведување?

а) Јавниот обвинител
б) Правосудната полиција
в) Судот

**(1 бод)**

**17.** Согласно ЗКП колку најдолго може да трае задржувањето на лицето лишено од слобода?

а) 6 часа од моментот на лишувањето од слобода
б) 24 часа од моментот на лишувањето од слобода
в) 48 часа од моментот на лишувањето од слобода

**(1 бод)**

**18.** Ако лице кое е лишено од слобода и задржано, не е изведено пред судија на претходна постапка, по негово барање, кој е надлежен да ја испитува законитоста на лишувањето од слобода и задржувањето?

а) Претседателот на судот
б) Јавен обвинител како надлежен орган за гонење на сторители на кривични дела
в) Судија на претходна постапка

**(1 бод)**

**19.** Во текот на истражната постапка, мерката притвор може да се определи:

а) По барање – образложен предлог на јавниот обвинител
б) По службена должност од страна на судот
в) Во истражна постапка не може да се определи мерка притвор по ниеден основ

**(1 бод)**

**20.** Во текот на главната расправа, кој ја има главната улога во докажувањето на вината на обвинетиот?

а) Судот по службена должност
б) Јавниот обвинител
в) Обвинетиот и неговиот бранител

**(1 бод)**

**21.** Во текот на главната расправа, при земање на воведни говори, кој прв има излагање?

а) Одбраната – бранителот и обвинетиот доколку сака да даде воведни говори

б) Јавниот обвинител

в) Судијата како претседател на советот

**(1 бод)**

**22.** Согласно ЗКП, текот на главната расправа се снима тонски или визуелно-тонски. До кога најдоцна по одржувањето на главната расправа, странките и бранителот имаат право да добијат копија од тонската или визуелно-тонската снимка?

а) Најдоцна за 3 дена

б) Најдоцна во рок од 48 часа

в) Најдоцна во рок од 24 часа

**(1 бод)**

**23.** Во кој стадиум од главната расправа може да се даде признание на вина од страна на обвинетиот?

а) Во текот на доказна постапка при ипитување на обвинетиот

б) На првото рочиште за главна расправа по воведните говори, а пред почетокот на доказната постапка

в) Во завршен збор

**(1 бод)**

**24.** Доколку во текот на главната расправа, обвинетиот даде признание на вина и истото биде прифатено, во доказна постапка ќе се изведуваат докази само за:

а) Утврдување на фактичката состојба по однос на околности за начин, време и место на извршување на кривичното дело

б) Околности што се однесуваат на одлуката за кривичната санкција

в) Околности по однос на квалификацијата, односно видот на кривичното дело

**(1 бод)**

**25.** Согласно ЗКП се предвидени повеќе начини на испитување на сведоци. Кој го врши директното испитување на сведокот предложен од јавниот обвинител?

а) Судијата како претседател на советот или како судија поединец
б) Јавниот обвинител
в) Браниетолот на обвинетиот

**(1 бод)**

**26.** Согласно ЗКП, во текот на главната расправа, по предлог на одбраната се врши испитување на обвинетиот. Кога постапка се води по службена должност, кој го врши вкрстеното испитување на обвинетиот?

а) Јавниот обвинител
б) Бранителот на обвинетиот
в) Претседателот на советот и судиите поротници како членови на советот

**(1 бод)**

**27.** Во текот на доказната постапка, кога можат претседателот и членовите на советот да им поставуваат прашања на сведоците, вештаците и техничките советници?

а) Не може да им поставуваат прашања
б) Пред да се изврши испитување од странките
в) Откако ќе заврши испитувањето од страна на странките

**(1 бод)**

**28.** Согласно одредбите од ЗКП, во текот на главната расправа е предвидена можност и за испитување на обвинетиот. По чиј предлог се врши испитување на обвинетиот?

а) По предлог на одбраната
б) По предлог на јавниот обвинител
в) По предлог на судот

**(1 бод)**

**29.** Ако судот, по завршување на главната расправа, не е во можност да ја изрече пресудата истиот ден, ќе го одложи објавувањето на пресудата. Во кој рок најмногу може да се одложи објавувањето на пресудата?

а) Најмногу за 3 дена
б) Најмногу за 8 дена
в) Најмногу за 15 дена

**(1 бод)**

**30.** Кога се одлучува во жалбена постапка, во кој случај судиите поротници учествуваат како членови на советот?

а) Кога по жалбата изјавена против првостепената пресуда се постапува на јавна седница
б) Кога по жалбата се постапува на закажана расправа пред второстепен суд
в) Во жалбена постапка пред второстепен суд, судиите поротници не учествуваат како членови на советот

**(1 бод)**